ПРОГРАМА ЗА ПЛАНИРАНИ ЕКСКУРЗИИ
ИЗЛЕТИ И ДРУГИ ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ ВО УЧЕБНАТА

2025/26 ГОД.

ООУ„ Даме Груев“ - Градско



14. Програми за изведување на ученички екскурзии, излети и други вонучилишни активности во учебната 2025/26 година

Врз основа на член 42 од Законот за основно образование (Сл.Весник бр.161/2019 годд.) и врз основа на Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта бр.12-13487/1 од 19.11.2019 год. утврден од Министерот е изготвена Програмата за планирани екскурзии, излети и други вонучилишни активности во училиштето во учебната 2025/2026 год.

Екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците се воннаставни активности кои се изведуваат надвор од училиштето со цел продлабочување на знаењата на учениците по одделни воспитно-образовни подрачја и наставни предмети како и постигнување на други воспитни, образовани и рекреативни цели.

Целите на училишните екскурзии, излетите и други училишни активности се оствавуваат преку:

- Истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот,
- Посети на локалитети и објекти од културно, историско и друго значење,
- Развивање интерес за природата и градење еколошки навики,
- Запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одередени краеви во државата,
- Градење чувство за припадност кон државата, еднаквост, толеранција и соживот,
- Запознавање на учениицте со културата на различни етнички заедници што живеат во нашата држава,
- Развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности на сопствениот народ и граѓаните кои припаѓаат на други народи кои живеат во државата,
- Дружење, социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе си,
- Развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво општествено живеење.

Во зависност од интересите на учениците и од временските услови можни се и промени во планот за изведување на екскурзиите.

1.**Излети и екскурзии кои се планираат во првото полугодие:**

- есенски излет за учениците од I,II,III,IV,V ,VI,VII и VIII одделение

2. **Излети и екскурзии кои се планираат во второто полугодие:**

- еднодневен пролетен излет за учениците од I, II , IV и V
- еднодневен пролетен излет за учениците од VII и VIII одделение
- еднодневна пролетна екскурзија за учениците од III и VI одделение
- тридневна екскурзија за учениците од IX одделение

Екскурзии / Излети	Време на изведување	Релација	Одделение
Еднодневен есенски излет	Септември - Октомври	Локалитет - Стоби	**I - VIII одд.**
Еднодневен пролетен излет	Мај-Јуни	Костурница-Спомен куќата на Кочо Рацин-езеро Младост	**I, II, IV и V одд.**
Еднодневен пролетен излет	Мај-Јуни	Костурница-Спомен куќата на Кочо Рацин-езеро Младост	**VII и VIII одд.**
Еднодневна екскурзија	Мај-Јуни	Манастир Св.Гаврил Лесновски	**III и VI одд.**
Тридневна екскурзија	Мај-Јуни	Западна Македонија-Охрид	**IX одд.**
Набљудувања	Во текот на годината	Според програмата	**I – IX одд.**
Посета на знаменитости и установи	Во текот на годината	Според програмата	**I – IX одд.**

1. Есенски еднодневен излет

Место: Локалитет Стоби

Носители на активностите:

- одделенски и предметни наставници
- Учениците од 1-9 одделение

Образовно воспитни цели:

- запознавање со природните убавини;
- градење на позитивен однос кон природата, спортот и рекреативните активности;
- запознавање со различни средини и специфичните природно-географски одбележја;
- создавање на позитивен став и еколошки пристап кон непосредната околина во која живеат луѓето, како и кон животните;

Образовно-воспитни задачи:

- развивање на интерес за природата, градење еколопшки навики;
- поттикнување и манифестирање позитивни емоции;
- социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;
- развивање на интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење;

Содржина и опис на активностите: Рекреација, дружење, набљудување, насочено внимание, истражување, фотографирање.

Раководител на екскурзијата: директорот на училиштето- Каролина Кирова

Одговорен наставник: одделенските наставници и класните раководители

Носители на активностите: учениците од 1-8 одделение, класните раководители и одделенските наставници

Начин на реализација:

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите;
- во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција.

Време на реализација: септември-октомври

Времетраење: еден ден

Локации за посета: Локалитетот Стоби.

Правци на патување: Градско-Стоби-Градско

Техничка организација:

Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси,комбе патничко,туристички водач и здравствено лице.

Еден ден пред реализација на патувањето превозникот е должен да достави доказ за вонредна техничка исправност за возилото и записник од извршен технички преглед на автобусот не постар од 6 месеци, како и лекарско уверение не постаро од 6 месеци и потврда дека возачот не возел 12 часа пред патувањето.

Директорот на училиштето најдоцна 48 часа пред патувањето писмено го известува органот за внетрешни работии издава патен налог и на вработените за службено патување.

Начин на финансирање: самофинансирање од страна на родителите

2. Пролетен еднодневен излет

Место: ***: Велес -Костурница-Спомен куќата на Кочо Рацин-езеро Младост***

Носители на активностите:

- одделенските наставници и класните раководители.
- учениците од 1, 2, 4, 5, 7 и 8 одделение

Образовно – воспитни цели:

- запознавање со природните убавини на градот Кавадарци и неговата околина
- градење на позитивен однос кон природата, спортот и рекреативните активности;
- запознавање со различни средини и специфичните природно-географски обележја.
- создавање на позитивен став и еколошки пристап кон непосредната околина во која живеат луѓето, како и кон животните;

Образовно – воспитни задачи:

- развивање интерес за природата, градење еколошки навики;
- поттикнување и манифестирање позитивни емоции;
- социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;
- поттикнување и развивање на чувство на колективност, меѓусебна почит и позитивен натпреварувачки дух и развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење.

Содржина и опис на активностите: Рекреација, дружење, набљудување, насочено внимание, истражување, фотографирање.

Раководител на екскурзијата: Директорот на училиштето – Каролина Кирова

Одговорен наставник: , Маја Ефтимова Билјана Славева, Наташа Илиќ, Весна Иванова, Мара Аризанова, Сања Коцева,Симона Арсова, Мартина Манева,Маја Милосављевиќ Соња Коруновска, Тодорка Талевска,Цвета Колева,Катерина Петрушева,Лидија Гајдова.

Начин на реализација:

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите;
- во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција.

Време на реализација : Мај-Јуни.

Времетраење:еден ден

Локации за посета: Костурница-Спомен куќата на Кочо Рацин-езеро Младост
Правци на патување : Градско-Велес-Градско

Техничка организација:

Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси,комбе патничко,туристички водач и здравствено лице.

Еден ден пред реализација на патувањето превозникот е должен да достави доказ за вонредна техничка исправност за возилото и записник од извршен технички преглед на автобусот не постар од 6 месеци, како и лекарско уверение не постаро од 6 месеци и потврда дека возачот не возел 12 часа пред патувањето.

Директорот на училиштето најдоцна 48 часа пред патувањето писмено го известува органот за внетрешни работи и издава патен налог и на вработените за службено патување.

Начин на финансирање: Самофинансирање од страна на родителите.

2.1 ЕДНОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД III и VI ОДДЕЛЕНИЕ

Вид на екскурзија: научно - наставна

Времетраење : еднодневна

Време на реализација: Мај-Јуни

Место: Манастир Св.Гаврил Лесновски

Носители на активности

- одделенските раководители од 3 и 6 одделение
- ученици од 3 и 6 одделение

Образовно-воспитни цели:

- Запознавање на природните убавини на злетовскиот крај.
- запознавање со знаменитостите на нашите краишта, нивните природно-географски обележја, релјефот,вегетацијата на овие простори
- негување на старите културни вредности и обичаи
- запознавање со историјата на овие простори (локалитет)

Образовно – воспитни задачи:

- стекнување знаења за манастирот Св.Гаврил Лесновски
- да развива позитивен однос кон животната средина
- да се развива чувството за одговорност, свесна дисциплина
- да се поттикнува и развива другарството, меѓусебно почитување, позитивен дух и подобри меѓусебни односи

Содржина и опис на активностите: Рекреација, дружење, набљудување, насочено внимание, фотографирање.

Раководители на екскурзијата: Директорот на училиштето - Каролина Кирова

Одговорни наставници: Трајана Дукова,Стојне Орданова Кавазова,Ели Неделковска,Сања Коцева,Симона Арсова.

Време на реализација : Мај-Јуни

Времетраење: еднодневна

Локации за посета и правци на патување

- Поаѓање на групата од пред училиште во 8:00 часот. Се патува кон Лесновскиот Манастир и посета на пештерата која се наоѓа во близина на манастирот. Време за ручек ,игри и занимливости и враќање за Градско во пладневните часови.

Техничка организација:

Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, туристички водач и здравствено лице.

Еден ден пред реализација на патувањето превозникот е должен да достави доказ за вонредна техничка исправност за возилото и записник од извршен технички преглед на автобусот не постар од 6 месеци, како и лекарско уверение не постаро од 6 месеци и потврда дека возачот не возел 12 часа пред патувањето.

Директорот на училиштето најдоцна 48 часа пред патувањето писмено го известува органот за внатрешни работи и издава патен налог и на вработените за службено патување.

Начин на финансирање: Самофинансирање од страна на родителите.

2.2 ТРИДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИ ОД IX ОДДЕЛЕНИЕ

Вид на екскурзија: научно - наставна

Времетраење: 3 дена - две ноќевање

Место: западна Македонија - Охрид

Време на реализација: Мај-Јуни

Опфатеност на ученици: IX-одд.

Носители на активностите:

- Класните раководители на 9 одделение
- ученици од 9 одделение

Образовно – воспитни цели:

- Запознавање со природните убавини и знаменитости на Западна Македонија, нивните природно-географски обележја, релјефот, вегетацијата на овие простори,
- негување на старите културни вредности и обичаи,
- запознавање со историјата на овие простори со музеи, цркви, езеро, тврдина, Вевчански водопади...
- развивање позитивен став кон спомениците и природната околина.

Образовно – воспитни задачи:

- запознавање со природните убавини и знаменитости на нашите краишта, нивните природно-географски обележја, со релјефот, вегетацијата на овие простори,
- проширување на знаењата за настанувањето на манастирот Св.Наум и дејноста на Св.Наум Охридски;
- стекнување сознанија за археолошките откритија налокалитетот Плаошник (базилики,мозаици,старата црква на Св.Климент, Светиклиментовиот Универзитет) и проширување на знаењата за животот и дејноста на Св.Климент;
- запознавање со местоположбата и проширување на знаењата за историјатот и важноста на Самоиловите тврдини;
- проширување на знаењата за животот и дејноста на Браќата Миладиновци и Григор Прличев;
- негување на старите културни вредности и обичаи,
- запознавање со историјата на овие простори,
- развивање позитивен став кон спомениците и природната околина.
- да се поттикнува и развива другарството , меѓусебно почитување, позитивен дух и подобри меѓусебни односи.

Содржина и активности: Рекреација, дружење, набљудување, насочено внимание, фотографирање. На сите одредишта ќе се следи работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи,описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.

Начин на реализација:

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите,
- во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција.

Раководител на екскурзијата: Директор на училиштето – Каролина Кирова

Одговорни наставници: класните раководители на 9- одделение. – Елизабета Камчева,Александар Коцев

Локации за посета и правци на патување: Знаменитости во Велес,Тетово, Гостивар,Струга, Вевчани, Охрид,Битола,Прилеп.

Локации: Знаменитости во Велес,Тетово,Гостивар Струга, Вевчани, Охрид,Битола,Прилеп.

Начин на финансирање: самофинансирање од страна на родителите

Техничка организација: Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, туристички водач и здравствено лице.

Еден ден пред реализација на патувањето превозникот е должен да достави доказ за вонредна техничка исправност за возилото и записник од извршен технички преглед на автобусот не постар од 6 месеци, како и лекарско уверение не постаро од 6 месеци и потврда дека возачот не возел 12 часа пред патувањето.
Директорот на училиштето најдоцна 48 часа пред патувањето писмено го известува органот за внетрешни работи и издава патен налог и на вработените за службено патување.

Начин на вреднување и користење на резултатите:

- На сите одредишта ќе се следи работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи,описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.

План на патувањето:

- ***1.ден.*** Тргнување на групата од пред училиште во 7:30 часот.Се патува преку Велес,каде што ќе се посети спомен Костурницата .Потоа продолжува патувањето преку Скопје до Тетово.Во Тетово ќе се посети Шарената џамија .Патувањето продолжува до Гостивар со (попатно-панорамско набљудување на Полошката котлина). Посета на изворот на реката Вардар- Вруток.Патувањето продолжува со посета на манастирот Св. „Јован Бигорски“. Патувањето продолжува до Струга, прошетка по Струшката чаршија. Во вечерните часови стасување во Охрид каде учениците се сместуваат во хотелот,по што следува одмор,вечера и слободно време.

- ***2.ден*** Појадок, а потоа претпладневен излет до Вевчани ,па потоа се враќаме во Охрид и продолжуваме во посета на манастирот Св.Наум и изворите на реката Црн Дрим, со попатна посета на наколната населба Градиште. Враќањето во хотелот е предвидено за ручек, по кој учениците заминуваат на прошетка при што ќе бидат посетени: Св.Софија, Св.Јован Канео, Плаошник, Самоилова тврдина, амфитеатарот, Билјанини извори. Попатно е предвидена прошетка низ стариот дел на Охрид и запознавање со охридската архитектура. Враќање во вечерните часови во хотелот и вечера,па следува полуматурска забава.

- ***3.ден*** Појадок и напуштање на хотелот.Патувањето го продолжуваме кон Битола и прошетка низ битолскиот Широк сокак, спомен собата на Мустафа Кемал Ататурк,црквата св.Димитрија и Саат Кулата.Патувањето продолжува до Прилеп со посета на прилепската чаршија и Могила на непобедените. Учениците пристигнуваат пред училиште во вечерните часови

2. ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВА ВО ПРИРОДА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД V ОДДЕЛЕНИЕ

Место: Струга

Одделение: 5- одделение

Образовно – воспитни цели :

- да го поттикнува развојот на самостојноста кај учениците;
- да се развива љубопитноста (да поставува прашања и да дава соодветен одговор на нив);
- да се оспособува за организација, комуникација, тимска работа, примена на стекнати знаења во нови ситуации;

- да се оспособува за критички осврт на сопственото размислување и согледување на потребата од докази;
- да се оспособува активна вклученост во решавање проблемски задачи;
- стекнатите знаења во училницата да се применуваат во конкретни ситуации на терен (трансфер);
- примена на техники за учење во различни конкретни ситуации (набљудување, собирање податоци, експериментирање, споредување, истражување, синтеза, анализа);
- да се разберат настаните, појавите (природни богатства, стопанство, културно- историски споменици и знаменитости, култура);
- да се развиваат способности на учениците (мисловни способности, разни мануелни способности, просторно претставување);
- користење на современи педагошки форми, методи и техники на работа;
- да се надминат меѓунационалните, социјалните и други разлики во развојот и комуникацијата на учениците и формирање на личноста, активно и креативно да се вклучување во понатамошниот воспитно-образовен процес и во другите сфери на живеење и работа;

Образовно – воспитни задачи :Врз основа на целите преку обработка на соодветни теми и наставни содржини со оваа настава треба да се обезбеди:

- ❖ Утврдување и проширување на знаењата, како и стекнување на нови знаења за природата, нејзините богатства и убавини ;
- ❖ Запознавање со животот и работата на луѓето во крајот, со поблиското и подалечното минато ;
- ❖ Запознавање со позначајни културно-историски, стопански и др. објекти;

- Стекнување на основните сознанија за екологијата и развивање позитивни навики за правилен однос и зачувување на животната средина;
- Запознавање со растителниот и животинскиот свет на Охридското Езеро;
- Да ги препознаваат лековитите растенија, да собираат и користат;
- Запознавање со главните занимања на луѓето особено со : рибарство, овоштарство, сточарство, туризам и др.;
- Негување на позитивен однос кон трудот и работата, како и чувство за одговорност и дисциплина при извршување на поставените задачи;
- Оспособување за ориентација и движење во природата;
- Стекнување и негување на работни и хигиенски навики за одржување на личната и општата хигиена ;
- Обезбедување на побрз и правилен психички развој како резултат на позитивното влијание од повеќедневниот престој во здрава природна средина;
- Развивање на другарството, меѓусебното почитување, натпреварувачки дух, физичко и здравствено, естетско, работно и техничко образование и воспитение.

Начин на вреднување и користење на резултатите:

Во текот на патувањето, престојот и посета на сите педвидени места континуирано ќе се прати и насочува однесувањето и делувањето на учениците преку различни форми и методи (набљудување, насочено внимание, прибирање податоци, фотографирање на објектите, предметите и други материјали,прибирање податоци и материјали за анализа и проучување на културно- историски споменици во непосредната околина, индивидуално и групно изложување на претходно подготвени трудови.

Начин на реализација:

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите;
- во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција.

СОДРЖИНИ И АКТИВНОСТИ

План на патувањето:

а) Прв ден: Поаѓање од училиштето во 7,30 часот.Се патува преку Скопје,Тетово,Гостивар,Вруток(попатно-панорамскономабљудување на Полошката котлина). Пристигнување во Вруток од кај што извира реката Вардар,Вруток- Мавровo(разгледување на Мавровското езеро),Мавровo-Св.Јован Бигорски. Пристигнување и сместување во Мајски цвет-Струга, прошетка и разгледување на непосредната околина. Ручек и попладневен одмор.
Истражување и прибирање на податоци за животинскиот и растителниот свет во вода и покрај вода. Пишување на извештај за истражувањето. Вечера. Презентација на извештаите и размена на искуства и знења. Водење на групен дневник за местата, знаењата и впечатоците од активностите во првиот ден. Организирана забава. Ноќевање.
б) Втор ден:Појадок, утринска гимнастика.Посета на спомен куќата на Браќа Миладиновци и паркот на поезијата. Враќање во одморалиштето. Пишување на извештаи за истражувањата. Учениците се поделени во три групи и секоја група пишува извештај за истражувањата и знењата до кои ќе се дојде во текот на овие три посети. Ручек и

попладневен одмор. Организирање на спортски натпревари. Прошетка покрај езерскиот брег. Презентација на извештаите и размена на искуства. Водење на групен дневник за местата, знаењата, впечатоците и доживувањата од активностите на вториот ден. Организирана забава и дружење на учениците.Ноќевање.

в) Трет ден: Појадок,утринска гимнастика.Посета на градот струга, прошетка низ чаршијата и запознавање со старите занаети. Разговор и правење интервју со занаетчиите. Фотографирање на градот Струга и запознавање со неговите културно-историски карактеристики. Посета на природно-научниот музеј, разгледување на експонатите и разговор со стручни лица. Враќање во одморалиштето.Ручек и попладневен одмор. Пишување на извештаи за посетата и презентација. Организирање на спортски активности и социјални игри. Прошетка покрај езерскиот брег. Вечера Организирање на квиз натпревар од областа на знаењата кои учениците можеа да ги стекнат во текот на овие три дена. Водење на групен дневниик за местата,знаењата,впечатоците и доживувањата. Организирана забава и дружење на учениците.Ноќевање.

г) Четврти ден: Појадок,утринска гимнастика.Посета на Вевчанските извори, посета на Даљан кајшто се ловат јагулите на реката Црн Дрим. Враќање во одморалиштето. Ручек и попладневен одмор. Цртање според набљудувањата. Организирање на спортски активности и социјални игри. Прошетка покрај езерскиот брег. Вечера. Организирана забава и дружење. Ноќевање.

д) Петти ден: Појадок,утринска гимнастика.Подготовка за напуштање на одморалиштето. Враќање преку Охрид и краток престој на Стража. Пристигнување пред училишната зграда во попладневните часови.

Време на реализација :Април-Мај

Времетраење: пет дена

Раководител на екскурзијата: Директорот на училиштето - Каролина Кирова

Одговорни наставници: Одделенските раководители на 5 одд.- Наташа Илиќ, Весна Иванова,Мартина Манева

Носители на активности: учениците од V одделение со одделенскиот наставници.

Локации за посета и правци на патувањето

Локалитети и објекти: Полошката котлина,Вруток, Мавровско езеро,Св. Јован Бигорски,спомен куќата на Браќа Миладиновци,Охридско езеро,Струшката чаршија,Природно-научниот музеј,Вевчански извори.

Правци на патувањето: Велес-Скопје – Тетово-Гостивар-Маврово-Струга-Охрид-

Стража-Скопје-ВелесПристигање во училишен двор во попладневните часови.

НАСТАВНИ ТЕМИ – ЦЕЛИНИ

I. ОБРАЗОВАНИЕ И ВОСПИТАНИЕ

Во зависност од периодот и условите на објектот, а врз основа на Годишната програма за работа на наставниците и тоа:

- Активностите ќе се одвиваат во природа и во училница, согласно нормативот за простор
- За утврдување и проширување на знаењата
- За обработка на нови наставни содржини и стекнување нови знаења

II. ЕКОЛОГИЈА

- поим за екологија и значење на животната средина;
- како да се однесуваме во животната средина;

- не го загадувај воздухот
- водата како животна средина;
- поим за извор, поток, река;
- езерата како животна средина. Видови езера;
- водата и нејзиното значење за живиот свет;
- шумите како животна средина и филтри на воздухот;
- отпадоци - видови отпадоци и како се постапува со истите;
- еко - производи - благодет за живиот свет;

III. СПОРТ

- Одење и пешачење во природ
- Атлетски игри и натпревари
- Спортски игри - фудбал, кошарка, народна топка, пинг-понг и др.
- Рекреативно забавни игри
- Утринска гимнастика

IV. ЗАБАВА И КУЛТУРА

- формирање на ученички интересни групи : литературна, ликовна, музичка, за забава;
- изготвување на план за работа на ученичките интересни групи : програма за вечерни активности - избираме најдобар глас, избор на мис и мистер, избор на најдобра фризура, маскенбал - најдобра маска, најдобар играчки пар, вечер на хумор и смеа и сл.

V. ИЗЛЕТИ

- Одење до Охрид и Св.Наум
- Одење до Вевчанските извори

VI. ПРОИЗВОДСТВЕНО - КОРИСНА РАБОТА

- Изготвување на ѕиден весник - со лични и литературни творби
- Изготвување на изложба со ликовни творби и детски креативни изработки

VII. ХИГИЕНА

- Лична хигиена - прибор за хигиена, употреба и одржување на личната хигиена
- Општа хигиена - одржување на хигиената во спалните соби (слагање на личните работи, местење на кревети, постапка со отпадоци и друго) и чистење на дворот и околината

VIII. ЗДРАВЈЕ

- Медицински кадар
- Прегледи по потреба (лекарства и употреба)

I. ИСХРАНА

- Кујна - опрема и персонал
- Трпезарија - опрема, персонал и функција на истата
- Прибор за исхрана и користење
- Бон-тон за време на јадењето
- Листа на јадење - значење на правилната исхрана за здравјето, растот и развитокот на учениците

ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПАТУВАЊЕТО

Место на поаѓање: од училишниот двор

Време на поаѓање : во 8,00 часот

КАДРИ ЗА РАБОТА

- За реализација на наставата во природа ќе бидат ангажирани:
- Одделенските наставници
- Стручни лица : лекар

РАСПОРЕД НА ВРЕМЕТО

Активности	***Време***
♦ Станување	**Во 7,00**
♦ Утринска гимнастика	7,05 - 7,20
♦ Лична хигиена и уредување на спалните	7,50 - 8,00
♦ Појадок	8,00 - 8,30
♦ Подготовка за настава	8,30 - 8,40
♦ Настава и враќање во објектот	8,40 - 12,30
♦ Подготовка за ручек	12,30 –13.00
♦ Ручек	13,00 - 14,00
♦ Попладневен одмор	14,00 - 15,40
♦ Ужина	15,40 - 16,00
♦ Попладневни содржини и подготовка за вечерни активности	16,00 - 18,30
♦ Подготовка за вечера	18,30 - 19,00
♦ Вечера	19,00 - 19,30
♦ Вечерни содржини	19,30 - 21,00
♦ Подготовка за спиење	21,00 - 21,20
♦ Повечерје – спиење	21,30 - 7,00

Техничка организација: Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, добри услови на сместување согласно нормативот за изведување на настава во природа(опремена училница, простор, опрема и наставни средства за деветгодишно основно образование), лекар.

Начин на финансирање:Самофинансирање од страна на родителите.

План за изведување на набљудувања и посети на

знаменитости и установи

Набљудувања:

- Набљудување на местото на живеење
- Набљудување на природата
- Набљудување на сообраќајот

Посети:

За реализирање на наставниот план и програм, за полесно осознавање на наставните планови и содржини планирани се посети на одредени објекти и манифестации од областа на културата кои ќе ги збогатат знаењата на учениците:

- Театар за деца и млади
- Археолошки музеј

- Археолошки локалитет
- Музеј на Македонската борба
- Природно-научен музеј
- Зоолошка градина
- Саем на книгата
- Градски кина
- Изложби

Соработката со други воспитно - образовни установи ќе значи соработка со основните училишта од општината, градот и пошироко и ќе се одвива во насока на активности кои ги третираат наставата и воннаставните активности како што се натпреварите во знаење во разни подрачја, ликовни хепенинзи и литературни читања и разновидни спортски натпревари.

Предвидена е посета на други институции одинтерес за наставата:

- Посета на Пошта
- Посета на Автобуска станица
- Културни манифестации
- Посета и запознавање со работата на општината

Наставните посети надвор од училиштето за учениците од прво до деветто одделение ги планираат наставниците во своите наставни програми.Овие посети се планираат и реализираат и со цел да се искористат како ефективни ресурси за учење и стекнување трајни знаења. Меѓу другите цели се и:

Цели:

- Да се оспособи за воспоставување на културен однос со опкружувањето во насока на:- лично обраќање кон други луѓе
- приспособување на говор во дадена ситуација; - културно однесување со други луѓе; еколошко однесување.
- да ги прошират сознанијата за непосредната околина;
- да се оспособуваат за набљудување, опишување и споредување;
- да се оспособуваат да користат различни извори на знаења;
- да ги прошират знаењата за културното богатство на својата татковина;
- да се ориентираат во просторот и времето;
- да стекне елементарни знаења за театарот и драмската уметност;
- да се формираат навики за културно однесување при посета на театар , куклена претста

- да се развива позитивен однос и почитување на различни професии;
- запознавање со училишната средина;
- да се запознае со стари градби, носии, стари предмети;
- да се запознае со сообраќајот од домот до училиштето;
- да ги спознава правилата за безбедно движење;
- да може безбедно да се движи во локалната средина;
- да ги препознава звуците од природата и околината ;
- да развива хуман однос кон живиот свет;
- да се развива свест за зачувување на чиста околина.

Стручен тим за изработка на Програми за изведување на ученички екскурзии, излети и други вонучилишни активности следниве членови:

1. Маја Ефтимова – одделенски наставник
2. Трајана Дукова – одделенски наставник
3. Ели Неделковска - предметен наставник
4. Елизабета Камчева - предметен наставник
5. Анита Илиева – член во совет на родители

Директор
Каролина Кирова
Јуни 2025 год